**Влада на Република Северна Македонија**

**З А П И С Н И К**
**од Четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 март 2020 година**

**Скопје, март 2020 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четиринаесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 6 март 2020 година**

Седницата започна во 14:00 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа членовите на Владата на Република Северна Македонија д-р Рената Дескоска, министер за правда, д-р Нина Ангеловска, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Трајан Димковски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, Елвин Хасан, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Музафер Бајрам, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Северна Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Северна Македонија на седницата присуствуваа и м-р Андреј Жерновски, заменик на министерот за надворешни работи, Неџат Мехмедовиќ, заменик на министерот за политички систем и односи меѓу заедниците, Владимир Лазевски, заменик на министерот за култура, Дејан Павлески заменик на министерот за локална самоуправа, како и Зоран Маневски, државен секретар во Министерството за транспорт и врски.

На седницата присуствуваше и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори членовите на Владата на Република Северна Македонија, Мила Царовска и заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Садула Дураки и членовите на Владата м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Наќе Чулев, министер за внатрешни работи,

Горан Милевски, министер за локална самоуправа, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Хусни Исмаили, министер за култура, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Хисен Џемаили, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестициската клима за домашните претпријатија и д-р Бардул Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции,

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Записник од состанок на Комисијата за заразни болести, одржан на 5 март 2020 година - Преземање мерки и активности за превенција од COVID-19

2. Кадровски прашања

3. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата по Записникот од состанокот на Комисијата за заразни болести, одржан на 5 март 2020 година и Преземањето мерки и активности за превенција од COVID-19 заклучи:

- Со оглед на зголемување на бројот на земји, особено во Европа, кои пријавуваат зголемен број на случаи и локална трансмисија на COVID-19, Владата препорачува да се ограничат јавните настани на кои би присуствувале многу граѓани од странство и да продолжи препораката за неодржување на јавни масовни собири и одржување на спортски натпревари без публика, до 13 март 2020 година.

Исто така, се препорачува на граѓаните кои се враќаат од ризичните земји со зголемен број инфицирани/заболени од COVID-19, особено од Италија, да останат во своите домови.

**<u>Точка 2</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 3</u>**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

*  *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:05 часот.

ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

д-р Драги Рашковски

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Оливер Спасовски